РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.37.НС.002.01

# НАСОКА
# ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ УВОЗ НА ВОЗИЛА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА СО СТРАНСКИ РЕГИСТЕРСКИ ТАБЛИЧКИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 11-01-2021 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинска управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18), директорот на Царинската управа донесе

# НАСОКА

# ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ УВОЗ НА ВОЗИЛА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА СО СТРАНСКИ РЕГИСТЕРСКИ ТАБЛИЧКИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. Општи одредби

1. Со оваа Насока се утврдува начинот на постапување на царинските службеници при увоз на возила согласно одредбите пропишани во Законот за регистрација на возила со странски регистерски таблички на територијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Законот за регистрација на возила со странски таблички), Правилникот за формата и содржината на изјавата за влез на возилото на територија на Република Северна Македонија до 01 октомври 2020 година, како и формата и содржината на изјавата за регистрација на возилото по завршување на постапка за увоз, (во понатамошниот текст: Правилник за форма и содржина на изјавите), потребната документација која се приложува при увоз на овие возила, пополнување на шифрите во царинската декларација за увоз (во натамошниот текст: ЕЦД) на возилата што се предмет на увоз согласно Законот за регистрација на возила со странски таблички и кои подлежат на регистрација во Министерството за внатрешни работи, поради унифицирано спроведување на постапката за увозно царинење и навремено завршување на царинската постапка од страна на надлежните организациони единици при Царинска управа.

2. Правната основа за постапување согласно оваа насока е:
   - Законот за регистрација на возила со странски регистерски таблички на територијата на Република Северна Македонија (Сл. Весник на РСМ број 305/20) и
   - Правилникот за формата и содржината на изјавата за влез на возилото на територија на Република Северна Македонија до 01 октомври 2020 година, како и формата и содржината на изјавата за регистрација на возилото по завршување на постапка за увоз, (Сл. Весник на РСМ број 05/21).

3. Надлежни за постапување по оваа Насока се вработените во царинските испостави каде се врши увозно царинење на овој вид стока (во натамошниот текст: царински службеник).

## II. Користени поими

4. Одредени поими користени во оваа Насока го имаат следново значење:
   - **Возила со странски регистерски таблички**, согласно одредбите од Законот за регистрација на возила со странски таблички се моторни возила за превоз на патници (категорија М), возила за превоз на товар (категорија N), возила на две и три тркала и квадрацикли (категорија L) и приколки – вклучително и полуприколки (категорија О), со редовни странски регистарски таблици кои влегле на територијата на Република Северна Македонија до 1 октомври 2020 година;
   - **Изјава за потврден влез на возило до 1 октомври 2020 година**, претставува документ оверен на нотар со пропишана форма и содржина согласно одредбите од член 3 став 2 од Законот за регистрација на возила со странски таблички и член 2 од Правилник за форма и содржина на изјавите,
   - **Изјава за регистрација на возилото по завршување на постапка за увоз**, претставува документ оверен на нотар со пропишана форма и содржина согласно одредбите од член 3 став 2 од Законот за регистрација на возила со странски таблички и член 3 од Правилникот за форма и содржина на изјавите,
   - **Потврда за сообразност** е документ пропишан со одредбите од Законот за возила со кој производителот, односно застапникот на производителот, потврдува дека возилото од серијата што и припаѓа на одобрен тип е сообразено со сите регулативни акти во моментот на неговото пуштање на пазар, односно документ со кој техничката служба потврдува дека единечно одобрено возило на кое се однесува е сообразено со сите регулативни акти во моментот на неговото одобрување;
   - **Согласност за регистрација** е документ пропишан со одредбите од Законот за возила и кој се издава во постапката за идентификација или во постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото, доколку е утврдено дека возилото е способно за безбедно возење.

## III. Постапување при увоз на возилата и приложување на потребна документација кон царинската декларација

5. Царинскиот службеник, при увоз на возила кои се предмет на увоз согласно одредбите од Законот за регистрација на возила со странски регистерски таблички постапува на ист начин како и при увоз на останатите возила предмет на увоз при што се придржува кон:
   - Упатството за спроведување на постапката за увозно царинење [1],
   - Корисничкото упатство за пребарување во електронскиот каталог SCHWACKENET[2] и

[1] Упатството за спроведување на постапката за увозно царинење како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинска управа

- Насоката за пополнување на податоци за опис на стока во ЕЦД за увоз на возила[3].

6. Царинскиот службеник при прием на ЕЦД за увоз на возило со странски редовни регистерски таблички, предмет на постапување согласно Законот за регистрација на возила со странски таблички, покрај редовните документи кои се приложуваат при увоз на возилата, проверува дали кон ЕЦД-то се приложени и:
   - Изјава за потврден влез на возило до 1 октомври 2020 година, оверена на нотар,
   - Изјава за регистрација на возилото по завршување на постапка за увоз, оверена на нотар,
   - Потврда за сообразност или Согласност за регистрација,
   - Важечка сообраќајна дозвола,
   - Документ за осигурување или Зелен картон за возилото.

7. Изјавата за потврден влез на возилото и Изјавата за регистрација на возилото, задолжително треба да се оверени на нотар и истите во оригинал се приложуваат и задолжително се задржуваат кон увозното ЕЦД. Содржината и податоците наведени во изјавите се проверуваат и споредуваат со податоците од останатата документација приложена при царинење на возилото и податоците наведени во ЕЦД. Останатите документи од точка 6 на оваа насока, задолжително се приложуваат во оригинал, а по извршената контрола и завршување на постапката за увоз му се враќаат на увозникот, при што копија од истите се задржува кон увозното ЕЦД.

8. Царинскиот службеник проверува дали во ЕЦД во рубриката 44 – Дополнителни информации, приложени документи, потврди и одобренија, во делот „Други документи" покрај другите шифри за приложените докуменети се пополнети шифрите :
   - 5072 за Изјава за потврден влез на возило до 1 октомври 2020 година,
   - 5073 за Изјава за регистрација на возилото по завршување на постапка за увоз,
   - 5074 за Потврда за сообразност или Согласност за регистрација,
   - 5075 за Сообраќајна дозвола,
   - 5076 за Документ за осигурување или Зелен картон за возилото.

9. Царинскиот службеник задолжително треба да провери дали при пополнувањето на ЕЦД во Рубрика 37 (постапка), втора подрубрика правилно е внесена шифрата F66 со која се пресметуваат вкупните давачки во намален износ за 50% како што е предвидено во член 4 став 1 од Законот за регистрација на возила со странски таблички.

---

[2]Корисничкото упатство за пребарување во електронскиот каталог SCHWACKENET со сите измени и дополнувања како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинска управа

[3]Насоката за пополнување на податоци за опис на стока во ЕЦД за увоз на возила со сите измени и дополнувања како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинска управа

10. Доколку податоците во ЕЦД не се пополнети како што е наведено во точка 8 и 9 од оваа Насока или не се приложени документите наведени во точка 6 и 7 од оваа Насока или се приложени во несоодветна форма или Изјавите не се заверени од нотар, царинскиот службеник не ја прифаќа декларацијата и истата ја одбива, наведувајќи ја причината за истото.

11. Во случај кога долгот по предметното ЕЦД е обезбеден со банкарска гаранција, царинскиот службеник ја задолжува истата со износ соодветен за обезбедување на долгот, односно 50% од вкупно пресметаните давачки.

## IV. Завршни одредби

12. Одговорни за спроведување на оваа насока се царинските службеници од надлежните царински испостави.

13. Надлежен за предлагање на измени и дополнувања на оваа насока е помошник директорот на Секторот за акцизи, помошник директор на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците.

14. Сите непосредни раководители се должни со оваа насока да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

15. Секторот за акцизи, во соработка со Секторот за информатички и комуникациски технологии, е должен веднаш по потпишувањето на оваа насока, истата да ја направи достапна до сите вработени во Царинската управа, согласно Процедурата за депозитар на документација.

16. Секое постапување спротивно на одредбите на оваа насока ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

17. Оваа насока стапува на сила со денот на нејзиното потпишување, а ќе се применува во времетраење од шест месеци од денот на влегување во сила на Законот за регистрација на возила со странски таблички, односно заклучно со 21.06.2021 година.

Директор,
м-р Ѓоко Танасоски

Бр. 01 - 001063/21 - 0001
Скопје, 11.01.2021 година

11-01-2021

Изработил: Анастас Маженковски
Одобриле: Анастас Маженковски
Златко Ветеровски

Записи:

- Изјава за потврден влез на возило до 1 октомври 2020 година, документ пропишан согласно одредбите од член 3 став 2 од Законот за регистрација на возила со странски таблички и член 2 од Правилникот за форма и содржина на изјавите,
- Изјава за регистрација на возилото по завршување на постапка за увоз, документ пропишан согласно одредбите од член 3 став 2 од Законот за регистрација на возила со странски таблички и член 3 од Правилникот за форма и содржина на изјавите,
- Потврда за сообразност е документ пропишан со одредбите од Законот за возила со кој производителот, односно застапникот на производителот, потврдува дека возилото од серијата што и припаѓа на одобрен тип е сообразено со сите регулативни акти во моментот на неговото пуштање на пазар, односно документ со кој техничката служба потврдува дека единечно одобрено возило на кое се однесува е сообразено со сите регулативни акти во моментот на неговото одобрување и
- Согласност за регистрација е документ пропишан со одредбите од Законот за возила и кој се издава во постапката за идентификација или во постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото, доколку е утврдено дека возилото е способно за безбедно возење.

| | |
|---|---|
| Насоката ја подготви: | Сектор за акцизи |
| Примател: | Директор<br>Заменик директор<br>Советници на директорот<br>Помошници директори на сектори<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за акцизи<br>Архива |

Прилог 1

# ИЗЈАВА

за влез на возило на територија на Република Северна Македонија до 1 октомври 2020 година

Од лицето *(име)* ____________________________________________

*(презиме)* ________________________ со ЕМБГ ______________________

со адреса на постојано живеење _______________________________________

во *(град)* ________________ *(држава)* ___________________ носител на патна исправа број (на Република Северна Македонија) _______________ издадена од _________________ и патна исправа број ________________ издадена од ______________ *(држава)* __________ .

Изјавувам под полна кривична, морална и материјална одговорност дека на ден __ .__ .____ година преку граничниот премин __________________ влегов во територијата на Република Северна Македонија, управувајќи моторно возило марка ______________________ тип ______________ со странски регистерски таблички со ознаки _____________, со број на шасија на возилото ___________________________ со број на мотор __________________ , и со датум на прва регистрација ___ .___ .______ година, со што потврдувам дека возилото е влезено во Република Северна Македонија пред 1 октомври 2020 година.

Возилото има редовна сообраќајна книшка број __________________ со рок на важност до ___ .___ .____ година, издадена на име ___________________________ и зелен картон за осигурување на возилото со број ______________________ со важност до ___ .___ .______ година.

Место ________________

Датум ________________

Име и презиме ___________________________

___________________________

своречен потпис

Прилог 2

# ИЗЈАВА

за регистрација на возило по завршување на постапка за увоз

Од лицето *(име)* ________________________________________

*(презиме)* ____________________ со ЕМБГ ______________________ со адреса на постојано живеење ______________________________

во *(град)* ____________ *(држава)* ______________ носител на патна исправа број (на Република Северна Македонија) ______________ издадена од ____________ и патна исправа број ____________ издадена од ____________ ____________ *(држава)* ________ и број на трансакциска сметка ____________

______________________, во *(име на банката)* ______________________.

Изјавувам под полна кривична, морална и материјална одговорност дека моторно возило марка ________________ тип ____________ со странски регистерски таблички со ознаки ____________, со број на шасија на возилото ________________ со број на мотор ______________ и со датум на прва регистрација ___ .___ ._____ година, по завршување на постапката за увоз и плаќањето на сите увозни давачки, ќе го регистрирам во Република Северна Македонија согласно одредбите од Законот за регистрација на возила со странски регистарски таблици на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 305/20).

Место ____________

Датум ____________

Име и презиме ______________________

______________________

своречен потпис

(податоци за техничката служба која ја издава потврдата за сообразност)

## ПОТВРДА ЗА СООБРАЗНОСТ

за единечно одобрено возило

број: ______________, датум: ______________

| COC | Сообраќајна дозвола | Податок |
|---|---|---|
| 0.1 | (D.1) | Марка: |
| 0.2 | (D.2) | Тип/варијанта/изведба |
| 0.2.1. | (D.3) | Комерцијална(и) ознака(и): |
| 0.6 | (E) | Идентификационен број на возилото: |
| - | (5A) | Година на производство: |
| 16.1 | (F.1) | Најголема конструктивна вкупна маса на возилото (kg): |
| - | (F.2) | Најголема легална вкупна маса на возилото при регистрација (kg): |
| 16.4 | (F.3) | Најголема легална вкупна маса на група возила при регистрација (kg): |
| 13 | (G) | Маса на возилото (kg): |
| 0.4 | (J) | Категорија и вид на возилото: |
| 38 | (38) | Облик и намена на каросеријата: |
| 0.6 | (K) | Ознака на одобрение (Во Р.Македонија / ЕУ одобрение): |
| - | (1K) | Број на ЕУ потврдата за сообразност (COC): |
| 1 | (L) | Број на оски: |
| 5 | (5) | Должина на возило (mm): |
| 6 | (6) | Ширина на возило (mm): |
| 7 | (7) | Висина на возило (mm): |
| 35 | (35) | Дозволени пневматици и наплатки: |
| 16.2 | (N) | Распределба на најголемата конструктивна вкупна маса по оски (kg) (за возила со најголема конструктивна вкупна маса над 3500kg): 1. 2. 3. 4. 5. и на приклучната точка (за полуприколка и за приколка со централна оска); |
| 16.2 (16.4) (18) | (16.2) | Најголемо конструктивно осно (или на група на оски) оптоварување (kg): 1. 2. 3. 4 5. ;и на приклучната точка (за полуприколка и за приколка со централна оска): |
| 18 | (O.1) | Најголема конструктивна вкупна маса на кочена приколка (kg): |
| 18 | (O.2) | Најголема конструктивна вкупна маса на некочена приколка (kg): |
| 19 | (19) | Најголемо конструктивно оптоварување во приклучокот за приколка (kg): |
| 43.1 | (43.1) | Ознака на Одобрение на приклучниот уред: |
| 21 | (21) | Тип на моторот: |
| 25 | (P.1) | Зафатнина на моторот (cm³): |
| 27 | (P.2) | Силина на моторот (kW): |
| 26 | (P.3) | Вид на гориво: |
| 27 | (P.4) | Број на вртежи ($min^{-1}$): |
| - | (P.5) | Идентификационен број на моторот: |
| - | (Q) | Однос силина/маса (само за мотоцикли ) (kW/kg): |
| 40 | (R) | Боја на возилото: |
| 42 | (S.1) | Број на седишта (за М2 и М3 без возач): |
| - | (S.2) | Број на места за стоење: |
| - | (3S) | Број на места за лежење: |
| 29 | (T) | Максимална брзина (km/h): |
| 46 | (45) | Стационарна бучава: dB(A), при брзина на вртење: $min^{-1}$; |
| 49 | (V.7) | $CO_2$ (g/km): |
| Забелешки: | | |

(печат)

(потпис на одговорно лице)

**Прилог 2**

______________________________________________
(податоци за правното лице кое ја издава согласноста за регистрација)

# СОГЛАСНОСТ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

број: ______________, датум: ______________

издадена во постапка на:

а) – идентификација; б) – идентификација и оцена на техничката состојба

(непотребното да се прецрта)

I дел

| COC | Сообраќајна дозвола | Податок |
|---|---|---|
| 0.1 | (D.1) | Марка: |
| 0.2 | (D.2) | Тип/варијанта/изведба |
| 0.2.1. | (D.3) | Комерцијална(и) ознака(и): |
| 0.6 | (E) | Идентификационен број на возилото: |
| - | (5A) | Година на производство: |
| 16.1 | (F.1) | Најголема конструктивна вкупна маса на возилото (kg): |
| - | (F.2) | Најголема легална вкупна маса на возилото при регистрација (kg): |
| 16.4 | (F.3) | Најголема легална вкупна маса на група возила при регистрација (kg): |
| 13 | (G) | Маса на возилото (kg): |
| 0.4 | (J) | Категорија и вид на возилото: |
| 38 | (38) | Облик и намена на каросеријата: |
| 0.6 | (K) | Ознака на одобрение (Во Р.Македонија / ЕУ одобрение): |
| - | (1K) | Број на ЕУ потврдата за сообразност (COC): |
| 1 | (L) | Број на оски: |
| 5 | (5) | Должина на возило (mm): |
| 6 | (6) | Ширина на возило (mm): |
| 7 | (7) | Висина на возило (mm): |
| 35 | (35) | Дозволени пневматици и наплатки: |
| 16.2 | (N) | Распределба на најголемата конструктивна вкупна маса по оски (kg) (за возила со најголема конструктивна вкупна маса над 3500kg): 1. 2. 3. 4. 5. и на приклучната точка (за полуприколка и за приколка со централна оска): |
| 16.2 (16.4) (18) | (16.2) | Најголемо конструктивно осно (или на група на оски) оптоварување (kg): 1. 2. 3. 4 5. ;и на приклучната точка (за полуприколка и за приколка со централна оска): |
| 18 | (O.1) | Најголема конструктивна вкупна маса на кочена приколка (kg): |
| 18 | (O.2) | Најголема конструктивна вкупна маса на некочена приколка (kg): |
| 19 | (19) | Најголемо конструктивно оптоварување во приклучокот за приколка (kg): |
| 43.1 | (43.1) | Ознака на одобрение на приклучниот уред: |
| 21 | (21) | Тип на моторот: |
| 25 | (P.1) | Зафатнина на моторот ($cm^3$): |
| 27 | (P.2) | Силина на моторот (kW): |
| 26 | (P.3) | Вид на гориво: |
| 27 | (P.4) | Број на вртежи ($min^{-1}$): |
| - | (P.5) | Идентификационен број на моторот: |
| - | (Q) | Однос силина/маса (само за моторцикли ) (kW/kg): |
| 40 | (R) | Боја на возилото: |
| 42 | (S.1) | Број на седишта (за M2 и M3 без возач): |
| - | (S.2) | Број на места за стоење: |
| - | (3S) | Број на места за лежење: |
| 29 | (T) | Максимална брзина (km/h): |
| 46 | (45) | Стационарна бучавост: dB(A), при брзина на вртење: $min^{-1}$; |
| 49 | (V.7) | $CO_2$ (g/km): |
| - | - | Забелешки: |

(печат) ______________________
(потпис на одговорно лице)

**II дел (се пополнува и оверува само за возилата чиј тип, варијанта и изведба се одобрени со уред за гасно гориво, односно ако тоа е наведено во документот за ЕУ одобрување на тип или за одобрување на типот во Република Македонија)**